Дескриптор на квалификации за студиската програма **Индустриско инженерство и менаџмент (ИИМ)**

| | |
|---|---|
| Знаења и разбирање | • планирање, проектирање, имплементација и менаџмент на интегрирани производни и услужни системи (од било која големина и дејност), кои ќе обезбедуваат добар учинок, надежност, ефикасност, ефективност, одржливост, исполнителност на роковите и управување на трошоците<br>• компетенциите се темелат на големиот број на соодветни методологии, методи и техники, кои се проучуваат во предвидените дисциплини во оваа студиска програма |
| Примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.<br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми во предметните научни области.<br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. |
| Способност за проценка | Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци.<br>Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти.<br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. |
| Комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира, и со стручната и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.<br>Презема поделена одговорност за колективни резултати.<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии. |
| Вештини на учење | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. |